

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август, 2020 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# СОДРЖИНА

Резиме ..... 2

1. Реален сектор

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ..... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 5

Инфлација ..... 6

Берзански цени ..... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ..... 9

Увоз ..... 10

Салдо на трговска размена ..... 10

Валутна структура ..... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ..... 12

Буџетски расходи според економската класификација ..... 13

Расходи по буџетски корисници ..... 14

Буџетско салдо ..... 16

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ..... 16

Плати ..... 17

Пензии ..... 18

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ..... 19

Депозитен потенцијал ..... 20

Кредити на банките ..... 21

Каматни стапки на депозитни банки ..... 21

Пазар на капитал ..... 22

Девизни резерви ..... 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август, 2020 година

- Индустриското производство во август 2020 година забележа пад од 9,1% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во август 2020 година се зголемија за 1,5% во однос на август 2019 година, по растот од 1,3% во јули 2020 година;
- Во периодот јануари - август 2020 година извозот забележа пад од 17,8%, а увозот од 15,1%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 6,4%, споредено со истиот период од 2019 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - август 2020 година изнесуваа 119.549 милиони денари, односно 17,7% од БДП, што претставува пониско остварување за 8,2% во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – август 2020 година изнесуваа 154.463 милиони денари, односно 22,9% од БДП, што е за 10,9% повеќе во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните кредити на банките во август 2020 година се зголемија за 6,9% во споредба со август 2019 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 5,2%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во август 2020 година забележа пад од 9,1% во споредба со истиот месец претходната година, со што практично се прекинува периодот на ублажување на неповолните движења во индустријата, па стапката на пад втор месец по ред е на рамништето од околу 10%. Намалување на производството се јавува во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 8,1% и негативен придонес од 6,2 п.п., Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 12,3% и негативен придонес од 1,5 п.п., како и Рударство и вадење камен од 8,9% и негативен придонес од 1,0 п.п..

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во август 2020 година бележат 8 од вкупно 27 индустриски гранки коишто сочинуваат 15,4% од вкупната индустрија. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај вадењето руди на метал од 5,5% и придонес од 0,4 п.п., како и кај производството на фармацевтски производи и препарати од 15,4% и придонес исто така од 0,4 п.п.. Зголеменото производство во последната гранка и натаму продолжува да биде значаен ублажувач на падот на вкупното производство. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, падот на производството на моторни возила изнесува 17,1% со придонес од -2,1 п.п., на машини и уреди 13,6% со придонес од -1,2 п.п., а на електрична опрема 17,9% со придонес од -0,8 п.п.. Од традиционалните гранки, производството на тутунски производи забележа висок раст од 37,8% и придонес од 0,7 п.п., со што има најголем удел во ублажувањето на падот; од друга страна, производството на облека забележа пад од 7,6% и придонес од -0,6 п.п., а производството во прехранбената индустрија продолжи со променливите движења и забележа пад од 1,2% и придонес од -0,1 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Според поделбата по наменски групи, пад на производството е забележан во сите гранки, а најизразит е кај капиталните производи од 12,4% и негативен придонес од 2,9 п.п., како и кај енергијата од 18,0% и негативен придонес од 2,7 п.п..

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, август 2020 година)*




1 - Производство на тутунски производи
2 - Производство на основни фармацевтски производи и препарати
3 - Вадење на руди на метал
2 - Производство на компјутерски, електронски и оптички производи
5 - Производство на хемикалии и хемиски производи
Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, август 2020 година)*




1 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
2 - Снабдување со ел. енергија
3 - Вадење на јаглен и лигнит
4 - Производство на машини и уреди
5 - Производство на електрична опрема

Извор: ДЗС.

На кумулативна основа, во првите осум месеци од 2020 година е забележан пад од 13,2%, што се должи на намаленото производството во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 13,9% (придонес од -10,6 п.п.), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 11,9% (придонес од -1,5 п.п.) и Рударство и вадење камен од 9,9% (придонес од -1,1 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот и натаму има производството на фармацевтски производи и препарати од 0,5 п.п. при раст од 18,0%.

Според намената на произведените единици, пад во периодот јануари – август 2020 година бележат сите гранки, а падот е најзиразит во групата Капитални производи од 23,0% и придонес од -5,3 п.п..

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во август 2020 година е намален за 5,1%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 5,6%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,5% и Рударство и вадење камен од 0,8%. Сепак, постојат неколку гранки во коишто се вработуваат лица дури и во услови на кризата предизвикана од пандемијата, а двоцифрени стапки на раст се забележани кај производството на основни фармацевтски производи и препарати од 14,4%, како и кај производството на компјутерски, електронски и оптички производи од 11,5%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во август 2020 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има кај сите групи, а тоа е најизразито кај трајните производи за широка потрошувачка од 6,7%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – август 2020 година бележи пад од 4,7%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Преработувачка индустрија од 5,1%, Рударство и вадење камен од 1,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,7%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите осум месеци од 2020 година е намален кај сите групи, а падот е најизразит кај групата Трајни производи за широка потрошувачка од 7,7%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во август 2020 година е поповолна во однос на јули 2020 година, а понеповолна во однос на истиот месец од 2019 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во август изнесува 67,0% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со претходниот месец кога изнесувало 66,2%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 2,8 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во август имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,5%, недостигот на квалификувана работна сила со 17,7%, неизвесното економско окружување со 16,8%, недоволната домашна побарувачка со 11,7%, финансиските проблеми со 8,9% и други фактори.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во август 2020 година во однос на претходниот месец е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во август 2020 година издадени се вкупно 184 одобренија за градење, што претставува пад од 12,4% споредено со истиот месец од 2019 година. Во однос на јули 2020 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 35,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во август е за 36,4% повисока споредено со август 2019 година, а 37,2% пониска во однос на претходниот месец.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 112 (или 60,9%) се наменети за објекти од високоградба, 25 (или 13,6%) за објекти од нискоградба и 47 (или 25,5%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 184 издадени одобренија за градба, на 105 објекти (или 57,1%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 79 објекти (или 42,9%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(август 2020)*




Извор: ДЗС.

Со издадените одобренија за градење во август 2020 година предвидена е изградба на 582 стана, со вкупна корисна површина од 42.943 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е намален за 22,1%, а во однос на истиот месец од 2019 година е двапати повисок.

## Инфлација

Потрошувачките цени во август 2020 година се зголемија за 1,5% во однос на август 2019 година, зголемувањето на стапката на инфлација произлегува од растот на цените на енергијата, додека претходниот месец цените регистрираа раст од 1,3% на годишно ниво.

Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – август 2020 година изнесува 0,8%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Во август 2020 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 2,5% на годишно ниво. Зголемувањето се должи на пораст на цените во повеќе поткатегории, а најмногу на цените на Овошјето.

Највисок годишен раст на цените во август 2020 година е забележан во категоријата Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,5%, следен со порастот на цените на Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,4%, Разновидни стоки и услуги од 2,9%, Ресторани и хотели од 2,8%, Рекреација и култура од 1,6%, Здравствена заштита од 1,3%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,5% и Образование од 0,2%.

Пад на годишно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 7,0% и Облека и обувки од 1,4%. Цените во категоријата Комуникации останаа непроменети.

Потрошувачките цени во август 2020 година остварија раст од 0,5% на месечно ниво (претходниот месец беше регистрирано намалување од 0,3%), како резултат на зголемувањето на цените во категоријата Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,1% (поради растот на цените на енергијата).

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Раст на цените на месечно ниво е регистриран и во категориите: Рекреација и култура од 1,7%, Ресторани и хотели од 1,0%, Здравствена заштита од 0,9%, Транспорт од 0,2% и Комуникации од 0,1%.

Месечно намалување на цените е регистрирано во категориите: Облека и обувки од 1,1%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,3% и Разновидни стоки и услуги од 0,1%. Цените во останатите категории останаа непроменети.

Цените на мало во август 2020 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 0,7%, а на месечна основа регистрираа раст од 0,8%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во август 2020 година во однос на претходниот месец забележа раст од 3,4% и изнесува 44,3 долари за барел. Споредено со август 2019 година, цената на нафтата порасна за 25,3%. Цената на природниот гас во август на месечна основа се зголеми за 34,4%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ во август 2020 година се тргуваше со просечна цена од 14.538 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на

претходниот месец бележи зголемување на цената од 8,5%. Во однос на истиот месец од 2019 година, цената на никелот опадна за 7,7%. Покрај никелот, месечен раст на цената во август забележаа и другите основни метали. Така, цената на цинкот се зголеми за 10,7%, на оловото за 6,5%, на алуминиумот за 5,7%, на бакарот за 2,0% и на калајот за 1,0%. Во август 2020 година, цената на железната руда порасна за 11,6% на месечно ниво.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Раст на цената во август споредено со јули 2020 година бележат и благородните метали. Така, цената на среброто се зголеми за 30,8%, на платината за 8,8% и на златото за 6,6%.

Цената на пченката на светските берзи во август 2020 година на месечна основа се намали за 5,8%, а цената на пченицата остана непроменета.

## *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во првите осум месеци од 2020 година изнесува 8.136,1 милион евра и бележи пад од 16,3% во однос на истиот период од минатата година. Падот на надворешнотрговската размена се должи на пандемијата предизвикана од коронавирусот, која на почетокот од годината започна во Кина и се пренесе во голем број земји во Европа и во светот.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - август 2020 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 3,4 п.п. споредено со истиот период од претходната година, и изнесува 59,8%.

[1] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари – август 2020 година, изнесува 3.469,9 милиони евра и бележи пад од 17,8% (750,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 16,4%.

Вредноста на извезените стоки во август 2020 година изнесува 501,2 милиона евра и бележи раст од 0,1% во однос на истиот месец минатата година, по шестмесечниот пад на истиот кој беше последица од пандемијата предизвикана од коронавирусот. Физичкиот обем на извозот се намали за 5,3%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во август 2020 година извозот бележи пад од 3,3% (17,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 6,1%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (9,4 п.п.) врз извозот во овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - август 2020 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 44,9% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - август 2020 година споредено со истиот период од 2019 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕУ 27, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ-27 бележи пад од 20,8% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од

[2] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

16,7%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 76,6% и 11,5%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - август 2020 година изнесува 4.666,2 милиона евра и бележи пад од 15,1% (832,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 2,6%.

Вредноста на увозот во август 2020 година изнесува 603,3 милиони евра, што претставува пад од 9,2% (61,3 милиони евра) во однос на истиот месец од 2019 година. Увезените количини стоки се намалени за 8,6%.

**Графикон 2.4:**Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во август 2020 година увозот бележи пад од 15,9% (113,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 9,8%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (6,1 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2019 | I-VIII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 33,4 | 44,0 | 10,7 | 31,9 |
| Мил. ЕУР | 899,1 | 663,7 | -235,4 | -26,2 |
| Мил.$ | 1.012,3 | 747,7 | -264,7 | -26,1 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2019 | I-VIII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 26,5 | 19,6 | -6,9 | -25,9 |
| Мил. ЕУР | 144,4 | 114,5 | -29,9 | -20,7 |
| Мил.$ | 162,6 | 128,1 | -34,5 | -21,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2019 | I-VIII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 510,4 | 461,9 | -48,5 | -9,5 |
| Мил. ЕУР | 383,6 | 354,5 | -29,0 | -7,6 |
| Мил.$ | 431,7 | 396,1 | -35,6 | -8,2 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2019 | I-VIII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 556,3 | 512,0 | -44,4 | -8,0 |
| Мил. ЕУР | 288,0 | 233,5 | -54,5 | -18,9 |
| Мил.$ | 324,4 | 260,6 | -63,8 | -19,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2019 | I-VIII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 50,8 | 37,2 | -13,5 | -26,6 |
| Мил. ЕУР | 629,8 | 488,8 | -141,0 | -22,4 |
| Мил.$ | 709,2 | 548,5 | -160,6 | -22,7 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2019 | I-VIII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 45,0 | 38,0 | -7,0 | -15,5 |
| Мил. ЕУР | 493,9 | 398,8 | -95,1 | -19,3 |
| Мил.$ | 556,3 | 446,9 | -109,4 | -19,7 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - август 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 6,4%, односно 82,4 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во август 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 37,7% односно 61,8 милиони евра споредено со август 2019 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и горива и мазива. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - август 2020 година, 97,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Србија и Турција, а потоа следуваат: Грција, Италија, САД, Полска, Русија, Романија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Холандија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 88,4% од трговската размена во периодот јануари - август 2020 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2019 година претставува зголемување за 2,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 91,7% и 85,9%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,0 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 5,4 п.п. во однос на периодот јануари - август 2019 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VIII - 2019 | | | | | I - VIII - 2020 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 3.079,6 | 4.427.777.176 | 61,5071 | 272.339.733.525 | 80,5 | 2.895,9 | 4.010.219.168 | 61,6638 | 247.285.352.731 | 85,9 | -417.558.008 | -9,4 |
| УСД | 1.423,2 | 1.147.682.153 | 54,6110 | 62.676.070.039 | 18,5 | 1.491,4 | 682.685.661 | 55,2577 | 37.723.639.469 | 13,1 | -464.996.491 | -40,5 |
| ГБП | 2,6 | 16.255.699 | 69,7635 | 1.134.054.435 | 0,3 | 2,1 | 11.711.022 | 70,0313 | 820.138.118 | 0,3 | -4.544.676 | -28,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.505,4 | | | 336.149.857.999 | 99,1 | 4.389,4 | | | 285.829.130.319 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 4.517,2 | | | 338.220.158.346 | 100,0 | 4.398,8 | | | 287.721.653.257 | 100,0 | | -14,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - август 2020 година изнесуваа 119.549 милиони денари, односно 17,7% од БДП, што претставува пониско остварување за 8,2% во однос на истиот период од 2019 година и ја отсликува намалената економска активност како резултат на здравствено-економската криза.

Даночните приходи се реализирани во износ од 65.648 милиони денари и во однос на истиот период од 2019 година се намалени за 12,1%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 28.805 милиони денари, што претставува намалување од 13,6% во однос на периодот јануари - август 2019 година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 43,9%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 45.638 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 16.833 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 9,4%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 1,2% споредено со јануари - август 2019 година). Во структурата на ДДВ, иако намалено, сè уште најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува пониско остварување за 11,8%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 0,5%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Акцизите се остварени во износ од 14.050 милиони денари (учество од 21,4% во даночните приходи), што претставува намалување од 17,3% во споредба со истиот период од 2019 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 42.855 милиони денари, што претставува 65,3% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - август 2020 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 11.342 милиона денари и бележат пад од 3,3% на годишна основа, при што 69,4% од приходите се од плата и други лични примања, 7,5% од приходи од капитал, 6,5% од приходи по основ на договор на дело, 5,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 11,5% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 6.972 милиона денари и забележаа помало остварување за 16,3% во однос на истиот период претходната

година, при што данокот по месечни аконтации се намали за 14,3%, намалување од 40,7% се забележува кај даночните биланси, додека данокот на добивка по основ на дивиденди и др. распределба е зголемен повеќе од 3 пати.

Приходите од царина се остварени во износ од 4.168 милиони денари и забележаа зголемување од 7,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 311 милиони денари забележаа намалено остварување за 19,2% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 42.852 милиона денари, што претставува поголемо остварување за 7,1% споредено со истиот период од 2019 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 7,6%, кај придонесите за здравствено осигурување за 6,4% и кај придонесите за вработување за 5,1%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 7.184 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2019 година забележаа пониско остварување за 37,5% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 973 милиони денари, што е зголемување од 46,1% во однос на периодот јануари – август минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.154 милиони денари и се намалени за 11,2% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – август 2020 година изнесуваа 154.463 милиони денари, односно 22,9% од БДП, што е за 10,9% повеќе во однос на истиот период од 2019 година. Високите расходи се резултат на мерките преземени за справување со здравствено-економската криза.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 146.719 милиони денари учествуваа со 95,0% и се зголемени за 11,1% во однос на истиот период од 2019 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 19.620 милиони денари што претставува зголемување за 7,4% во однос на периодот јануари - август

претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,7%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 9.518 милиони денари и споредено со истиот период од 2019 година забележаа намалување од 6,5%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 111.487 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 14,6% споредено со истиот период од 2019 година и истите учествуваа со 72,2% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 77.150 милиони денари, забележаа зголемување од 7,9% и учествуваа со 49,9% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 45.903 милиони денари, што е зголемување за 5,5% споредено со истиот период од 2019 година и учествуваат со 29,7% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 20,7%, односно се зголемија за 28,7% и се реализирани во износ од 31.996 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 12.598 милиони денари забележаа зголемување од 14,2% во споредба со периодот јануари - август претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 17.836 милиони денари што е за 45,0% повеќе споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 6.094 милиони денари, што е за 3,3% помалку во споредба со истиот период од 2019 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 3,1%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 5,5%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 7.744 милиони денари со структурно учество од 5,0% во вкупните расходи, при што забележаа повисока реализација за 5,9% во споредба со периодот јануари - август 2019 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85,9% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - август 2020 година реализираше 33.723 милиони денари или 65,7% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,3%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 23.361 милион денари или 65,7% од средствата наменети за 2020 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 22,3% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 69,3% (7.530 милиони денари) од планираните за 2020 година.

Во периодот јануари – август 2020 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[3] реализирани се 25.321 милион денари што претставува 44,1% од предвидените за 2020 година. Отплатата на главнина (14.692 милиона денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 58,0%. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 24,1% од вкупните расходи, за што се реализирани 6.091 милион денари, или 73,5% од вкупниот буџет за оваа намена.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - август 2020 година)*




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - август изврши буџетски средства во износ од 15.868 милиони денари, што е 60,8% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (67,5%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 10.705 милиони денари или 66,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,5%, за што се потрошени 2.452 милиона денари, односно 65,1% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во анализираниот период реализираше вкупно 8.603 милиони денари, односно 69,2% од планираните средства за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите кои учествуваат со 94,4% во вкупните расходи на овој буџетски корисник беа реализирани во износ од 8.123 милиони денари (71,3% од предвидените средства).

Во периодот јануари - август 2020 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 6.693 милиони денари што претставува 89,8% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 89,6% во вкупните расходи, реализирани се 94,7% од планираните средства или 6.000 милиони денари.

Во анализираниот период од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 6.816 милиони денари, што претставува 59,8% од сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 78,5%, за што се потрошени 5.352 милиона денари или 66,3% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 16,0%, за што се реализирани 1.087 милиони денари или 54,0% од годишниот план.

[3] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

Министерството за одбрана во првите осум месеци од 2020 година реализираше буџетски средства во износ од 4.548 милиони денари, што е 53,2% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 59,5%, за што во периодот јануари – август 2020 година се реализирани 2.708 милиони денари (66,4% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 23,2% во вкупните расходи, за што во анализираниот период потрошени се 1.055 милиони денари, односно 45,8% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари – август 2020 година изврши буџетски средства во износ од 4.091 милион денари, што е 52,2% од вкупниот буџет за 2020 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 45,6%, за што во овој период потрошени се 1.865 милиони денари или 70,6% од средствата наменети за 2020 година. Тековните трансфери до буџетските фондови се втора најзначајна ставка со учество од 44,1% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.804 милиони денари, односно 49,5% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 1.725 милиони денари, што е 36,0% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 31,6% од предвиденото (1.250 милиони денари), а учествуваат со 72,5% во вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – август 2020 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 34.914 милиони денари, што претставува 5,2% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 34.246 милиони денари и претставува 5,1% од БДП.

## *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во периодот јануари - август 2020 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 107.883 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени е понизок за 16,2% во однос на периодот јануари - август 2019 година.

Од вкупниот број новвработени 44,4% се вработени на неопределено време, додека другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во август 2020 година, 27,3% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во август 2020 година изнесува 228.817, од кои 144.759 се активни баратели на работа, а 84.058 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 21,2%. Зголемувањето на невработеноста кое започна од април е предизвикано од здравствено-економската криза, која негативно влијаеше врз вработеноста во најмногу погодените сектори. Бројот на невработени лица континуирано се зголемува од јануари годинава, како резултат на растот на активните баратели на работа, додека бројот на останати невработени во истиот период бележи надолен тренд.

Најголем дел од активните невработени лица (64,1%) се градско население, а според половата структура 50,6% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 62,4% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 27,1% се со завршено средно образование, додека 10,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 50,5% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 46,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 4,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јули 2020 година оствари годишен раст од 8,5%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,4%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Образование (12,7%), Информации и комуникации (12,4%) и Дејности на здравствена и социјална

заштита (12,3%). Реалните плати во јули забележаа годишен раст од 7,1%. По нешто побавниот номинален раст во април и мај, нето-платите продолжија со високите стапки на раст и покрај здравствено-економската криза. Сепак, растот на нето-платите е највисок во секторите во кои голем дел од вработените се во јавниот сектор, како што се Образованието и Здравството.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во јули 2020 година оствари годишен раст од 9,0%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,3%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Образование (13,8%), Дејности на здравствена и социјална заштита (12,6%) и Информации и комуникации (12,2%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 7,7%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во август 2020 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 309.496 пензионери[4]. Од вкупниот број пензионери, 67,9% се корисници на старосна пензија, 22,0% се корисници на семејна пензија и 10,2% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во август 2020 година изнесува 15.573 денари и е за 7,2% повисока во однос на истиот месец минатата

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

[4] Бројот на корисници за август 2020 е намален во однос на претходниот месец поради бројот на корисници на пензија кои примале пензија преку Еуростандард банка, а на време не доставиле други сметки. Истите ќе бидат прикажани во наредните месеци

година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јули 2020 година (последни расположливи податоци) изнесува 56,5%.

Просечната старосна пензија во август изнесува 16.776 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.031 денар, а просечната семејна пензија 12.567 денари. За исплата на пензиите во август 2020 година се потрошени 4.905 милиони денари, што претставува 50,0% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во август 2020 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на постојното ниво од 1,5%, откако претходно ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати од почетокот на годината поради условите коишто произлегуваат од пандемијата на ковид-19 и мерките за спречување на ширењето на вирусот, кои неповолно влијаат како врз глобалната така и врз домашната економија. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,5%, како и досегашното позначајно намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за натамошно зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економија, односно одржување на кредитниот циклус и ублажување на ефектите од негативниот шок врз домашната економија.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во август 2020 година, примарните пари[6] регистрираа раст од 35,1%, споредено со август 2019 година. Ваквиот раст на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 58,6%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 17,4%. На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 21,1%, што е резултат на растот на вкупните ликвидни средства на банките за 51,3% додека готовите пари во

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити ( август 2020 година)




Извор: НБРСМ.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[6] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

оптек регистрираа раст од 0,6%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во август 2020 година се намалија за 1,1% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 1,8%, а депозитите на домаќинствата регистрираа намалување од 2,1%.

Од аспект на валутата, во август 2020 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна и странска валута се намалија за 1,7% и 0,2%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во август 2020 година оствари раст од 5,2% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 4,0% и 7,0%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 7,2% и 5,7%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 4,4%, а долгорочните депозити се намалија за 6,8%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 59,7%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (август 2020 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **415.722** | **-1,1%** | **5,2%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *248.389* | *-1,7%* | *4,0%* |
| *Странска валута* | *167.333* | *-0,2%* | *7,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *176.658* | *-0,2%* | *4,4%* |
| *Долгорочни* | *101.474* | *-4,5%* | *-6,8%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **350.139** | **-1,4%** | **6,9%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *204.608* | *-2,3%* | *6,3%* |
| *Странска валута* | *145.531* | *-0,1%* | *7,8%* |

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| Според рочност: | | | |
|---|---|---|---|
| *Краткорочни* | *55.050* | *-2,9%* | *-4,6%,* |
| *Долгорочни* | *263.089* | *-5,5%* | *4,7%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *11.744* | *-23,9%* | *-25,9%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во август 2020 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор регистрираа пад од 1,4% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се намалија за 3,0%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,3%. Од аспект на валутата, во август 2020 година, на месечно ниво денарските кредити се намалија за 2,3%, а девизните кредити за 0,1%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

На годишна основа, во август 2020 година вкупните кредити се зголемија за 6,9%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,0% и раст на кредитите кон претпријатијата од 4,5%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 6,3%, а кредитите во странска валута за 7,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 4,7%, а краткорочните кредити се намалија за 4,6%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во август 2020 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,73%. Каматната стапка на денарските кредити остана непроменета и изнесува 5,13%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 4,26%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во август 2020 година изнесува 0,99% и е намалена за 0,06 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 1,41% и е намалена за 0,06 п.п. во

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

однос на минатиот месец, а каматната стапка на девизните депозити е намалена за 0,05 п.п. и изнесува 0,56%.

## Пазар на капитал

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

На пазарот на капитал, во август 2020 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 14,7% на месечно ниво како резултат на падот на прометот од класичното тргување за 41,5%, додека прометот од блок трансакциите се зголеми двојно (257,1%).

Вкупниот промет на берзата во август 2020 година изнесуваше 326,5 милиони денари и истиот е намален за 2,9% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на август 2020 година изнесуваше 4.207,36 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 1,9%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 4,9%.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на август 2020 година изнесуваа 3.406,42 милиона евра и во однос на претходниот месец се намалија за 3,0%, а во однос на август 2019 година регистрираа раст од 12,4%.